Ноември, 2023
Број 1



# Бизнис МАГАЗИН

ЗА НОВИ ДИГИТАЛНИ ПЕРСПЕКТИВИ

# Добредојдовте

во нашиот динамичен магазин за запознавање со најновите трендови и најнапредните деловни алатки во деловниот свет. Нашата мисија е да ви обезбедиме сознанија коишто ќе го поттикнат вашиот деловен напредок.

Сакаме Т Бизнис магазинот да стане вашиот главен водич низ постојаниот развој на дигиталниот свет. Низ магазинот ќе се осврнуваме на трансформативните технологии и стратегии коишто ја обликуваат иднината, а коишто Дојче Телеком им ги нуди на своите корисници како водечки давател на телекомуникациски и ИТ услуги во Европа.

Придружете ни се додека патуваме низ светот на деловните иновации, откривајќи ги алатките и техниките коишто го трасираат патот кон растот и успехот и обликуваат посигурна иднина.

T Business

## СОДРЖИНА




3
**ДЕЛУВАЈТЕ ЕНЕРГЕТСКИ ЕКОНОМИЧНО**

SEMM е паметно решение за мерење и управување со потрошувачката на електричната енергија. Следете ја вашата потрошувачка и вредностите на сите клучни енергетски параметри во реално време.



4
**ПРИВАТЕН ОБЛАК ВО ПОДАТОЧЕН ЦЕНТАР**

Податочниот центар на Македонски Телеком им нуди стратешка предност на бизнисите и институциите овозможувајќи им сопствен приватен облак со висока безбедност, достапност и приспособливост.



5
**МРЕЖНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА СИТЕ ВАШИ ПОТРЕБИ**

Мрежата Cisco Meraki е базирана на облак и нуди жична, безжична и безбедносна инфраструктура прилагодена на потребите на сите бизниси без почетни инвестиции.



6
**ИТНО КОПЧЕ: ТЕХНОЛОШКА ИНОВАЦИЈА КОЈА СПАСУВА ЖИВОТ**

Како технолошки лидер и овозможувач на дигитализацијата, имаме одговорност да овозможиме технологијата и иновациите да бидат присутни насекаде, но и да ги користиме како алатка за намалување на дигиталниот јаз и за подобар живот за сите.



7
**СЕРТИФИКАТИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ ПОТПИС ЗА БЕЗБЕДНО ДИГИТАЛНО РАБОТЕЊЕ**

Секоја компанија што решава да го започне процесот на дигитализација има иста цел - да ја унапреди работата и ефикасноста, а истовремено да обезбеди сигурност и заштита на податоците и документите.




8-9
**ДИГИТАЛЕН АСИСТЕНТ ЗА ВАШИОТ БИЗНИС**

Од автоматизација до операции водени од податоци и до повеќејазична комуникација, ChatGPT овозможува брз напредок на бизнисот.



# Делувајте енергетски економично

**SEMM е паметно решение за мерење и управување со потрошувачката на електрична енергија. Следете ја вашата потрошувачка и вредностите на сите клучни енергетски параметри во реално време.**

Како одговор на зголемената побарувачка за економични решенија за електрична енергија, Македонски Телеком го воведе SEMM (Smart Energy Metering & Management), паметно решение за мерење и управување со потрошувачката на електрична енергија.

Благодарение на ова решение, потрошувачката може да се следи беспрекорно, во реално време, со доверлив безжичен пренос на податоци до софтверската платформа во Податочен центар на Телеком, обезбедувајќи непосреден увид во користењето електрична енергија, вклучувајќи ги сите клучни енергетски параметри. SEMM им овозможува на бизнисите темелен увид, заменувајќи ги рачните читања и овозможувајќи предвидување на трошоците поврзано со моменталната и идната HUPX цена за MWh. Со оперативните услуги на Телеком, вклучително одржувањето на решението и сеопфатните извештаи, корисниците добиваат подлабоко разбирање за својата потрошувачка на електрична енергија, но и управување со енергијата преку соодветен одзив инициран од претходно дефинирани настани или аларми.

Печатницата Европа 92 од Кочани, како пионер во користењето SEMM, ги истакна предностите на ова решение, коешто обезбеди континуитет во работата на компанијата преку детално следење на енергетските параметри, рана детекција на можни проблеми и интеграција на сопствени фотонапонски централи.

Македонски Телеком АД, како сопственик на ова решение, може да одговори на различните потреби и барања на компаниите и институциите и како нивен партнер да ги позиционираго имплементира решението и соодветно да го прилагоди за тие ефикасно да се справат со енергетските предизвици во секојдневната работа.



# Приватен облак
## во податочен центар

**Податочниот центар на Македонски Телеком им нуди стратешка предност на бизнисите и институциите овозможувајќи им сопствен приватен облак со висока безбедност, достапност и приспособливост.**

Во денешниот дигитален пејзаж, најсовремениот Податочен центар на Македонски Телеком им нуди стратешка предност на бизнисите и институциите. Беспрекорно справувајќи се со предизвиците како што се безбедносните закани и зголемените трошоци за работна ИТ околина, обезбедуваме услуги за ИТ колокација, инфраструктура и платформа.

Таков пример е нашето партнерство со Фондот за здравствено осигурување (ФЗОМ) коешто сведочи за моќта на оваа услуга. Со соодветно доделен и конфигуриран примарен и секундарен податочен центар, ФЗОМ добива инфраструктура со висока безбедност, достапност и приспособливост.

Нашата целосно управувана инфраструктура, опремена со софтвер за конфигурирање и следење на искористеноста, овозможува детален надзор на ресурсите во реално време. Податочниот центар на Македонски Телеком е повеќе од решение, нудејќи можност за изнајмување приватен облак којшто ги задоволува сите стандарди со кои се осигурува највисока безбедност на податоците и информациите на ФЗОМ.

# Мрежна инфраструктура
## за сите ваши потреби

**Мрежата Cisco Meraki е базирана на облак и нуди жична, безжична и безбедносна инфраструктура прилагодена на потребите на сите бизниси без почетни инвестиции.**

Некогаш сложени и скапи, мрежните решенија сега се подостапни преку мрежата Cisco Meraki којашто е базирана на облак. Совршено за бизниси од сите големини, ова решение нуди приспособливост и лесно управување.

Мрежата Cisco Meraki обезбедува жична, безжична и безбедносна инфраструктура прилагодена на вашите потреби и ги елиминира почетните инвестиции.

Решението вклучува точки за безжичен пристап, комутатори и безбедносни уреди, поддржувајќи компаниски и надворешни корисници (посетители) со оптимизирана безжична безбедност и целосно вмрежување.

Со Cisco Meraki можете да ги следите перформансите на мрежата и да добиете пристап до вредни податоци за посетителите преку интуитивниот интерфејс, со чија помош можете да ги дефинирате вашите стратегии, да ги подобрите процесите и детално да ги приспособите вашите маркетинг кампањи.

Македонски Телеком располага со тим од сертифицирани експерти коишто се задолжени за дизајнот на мрежно решение според најдобрата пракса и за негово оптимално димензионирање, имплементација и одржување.

Ви стоиме на располагање да закажете демо презентација преку вашиот продажен агент и директно да ги согледате предностите на решението.





# „Итно копче” - Технолошка иновација којашто спасува живот

**Итно копче: Како технолошки лидер и предводник на дигитализацијата, имаме одговорност да овозможиме технологијата и иновациите да бидат присутни насекаде, но и да ги користиме како алатка за намалување на дигиталниот јаз и подобар живот за сите.**

„Итно копче” е проект на Црвениот крст којшто е поддржан од Фондацијата „Телеком за Македонија” и претставува револуционерно решение чијашто цел е со помош на технологија да обезбеди брза реакција за повозрасните или изнемоштените лица преку едноставно притискање копче коешто се наоѓа на уред во форма на рачен часовник. Оваа иновативна услуга работи деноноќно, нуди итна помош и претставува вистински пример за тоа како технологијата може да се искористи за да се спаси нечиј живот.

Во многу европски земји овој концепт веќе се покажа како многу успешен, а во Македонија се реализира за прв пат од минатата година како пилот проект со голем потенцијал.

## КАКО ФУНКЦИОНИРА УРЕДОТ?

Корисниците на уредот треба само да притиснат едно копче и да чекаат одговор од операторот на контакт центарот на Црвениот крст. По воспоставувањето контакт, корисниците можат да споделат детали за своите проблеми, а обучениот оператор дава насоки за постапување. Доколку е потребно, на нивната локација се испраќа тим за прва помош, дури и се организира превоз до соодветната здравствена установа.

Оваа иницијатива ја нагласува моќта на технологијата за подобрување, па дури и спасување животи, обезбедувајќи им мир на оние коишто можат да се најдат во итни ситуации.

„Тимот на „Итно копче” се состои од посветени професионалци чијшто приоритет е да бидат силна поддршка на повозрасната популација и на сите на кои им е потребен ваков вид на грижа” - истакна д-р Саит Саити, Генералниот секретар на Црвениот Крст.

Оваа услуга моментално поддржува 110 корисници, првенствено лица над 65 години коишто живеат сами во Скопје, корисници на услугата „Помош и нега во домот”, други ранливи лица коишто живеат самостојно, корисници на „Грижа за стари лица во домашни услови” и „Дневен центар за стари лица”.

„Итно копче” им нуди на корисниците прва помош и психолошка поддршка од страна на обучен персонал којшто е посветен на нивната благосостојба, бесплатно одржување на уредот во случај на технички проблеми, како и превоз до соодветната здравствена установа со специјализирани возила.

Технологијата е алатка којашто треба да служи за подобрување на квалитетот на живот, а Телеком е посветен да ја исполни оваа мисија.



# ДОВЕРЛИВИ УСЛУГИ

## Квалификувани сертификати за електронски потпис за безбедно дигитално работење

**Секоја компанија што решава да го започне процесот на дигитализација има иста цел - да ја унапреди работата и ефикасноста, а истовремено да обезбеди сигурност и заштита на податоците и документите.**



Довербата е основа на деловната и комерцијалната активност, а дигиталните сертификати за електронски потпис овозможуваат електронско потпишување документи со највисоко ниво на заштита и доверба. Македонски Телеком е квалификуван давател на доверливи услуги и гордо го носи знакот за доверба, којштo гарантира дека давателите на електронски услуги и услугите за доверба коишто тие ги нудат ги исполнуваат правилата утврдени во домашната и европската законска рамка.

### ЗОШТО СЕ ПОТРЕБНИ СЕРТИФИКАТИТЕ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ ПОТПИС?

#### ВО СЕКОЈДНЕВНИТЕ ТРАНСАКЦИИ

- Фактури, дописи, нарачки
- Документи за учество на тендер
- При потпишување договори
  За безбедна електронска комуникација

#### ЗА ЕЛЕКТРОНСКО РАБОТЕЊЕ СО ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

- Поднесување даночни пријави и биланси преку системот е-даноци на Управата за јавни приходи;
- Поднесување документи и потпишување понуди при учество на тендери преку системот за јавни набавки;
- Фонд за здравствено осигурување за евиденција на пациенти, потпишување договори, издавање е-рецепти;
- При користење на системот за е-одобрение за градење на ЗЕЛС;
- При издавање податоци од геодетско-катастарскиот информациски систем на
- Агенцијата за катастар на недвижности преку веб-апликација „е-кат шалтер";
- При користење на едношалтерскиот систем (EXIM) на Царинската управа на РМ за електронско поднесување барања за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти, како и електронско издавање дозволи од страна на надлежните институции;
- За пријава и одјава на работни односи преку електронскиот систем на Агенцијата за вработување;
- При користење на системот за електронска достава на судски документи во сите судови низ државата;
- За поднесување извештаи по електронски пат преку порталот на Агенцијата за супервизија на осигурувањето;
- За електронско поднесување завршни сметки и основање правни субјекти во Централен регистар на РМ;
- При авторизација на пристап до апликациите на Народна банка.

Со примената на електронските потписи може да се докаже идентитетот на потписникот, да се покаже дали документот е изменет со што се обезбедува доверливост на дигиталните трансакции. Сè повеќе бизниси и поединци користат електронски потписи и услуги за доверба, а со зголемениот број владини услуги достапни дигитално се очекува да има постојан раст на користењето на електронските потписи.

Дигиталниот сертификат за електронски потпис е наменет за физички лица кога го користат во свое лично име или во име на правното лице коешто го застапуваат.

# Дигитален асистент **за Вашиот бизнис**

**Иако ChatGPT и неговите „роднини” коишто можат да произведуваат текст, фотографии, видеа или музика се стекнаа со популарност во последниве месеци, сепак вештачката интелигенција (AI) веќе подолго време е дел од секојдневниот живот.**

Технологиите засновани на машинско учење (јадрото на вештачката интелигенција) ги следат нашите навики за следење онлајн содржини за да препорачаат нова содржина за читање. Персонализираното рекламирање функционира на сличен начин.

Таканаречените алгоритми за машинско учење се користат во бизнисот веќе неколку години, на пример, за одбрана од ИТ напади според собраното искуство, задачи за оптимизација на разни процеси и решенија или како дигитални асистенти. На почетокот од 2018 година, Маѓар Телеком официјално го претстави својот гласовен бот, Ванда, обучен во текот на неколку месеци и со многу податоци за обука за да стане корисен дигитален агент за кориснички услуги.

Ванда одлично се снајде уште од почетокот на нејзиното користење, но за време на пандемијата на COVID-19 таа навистина ја докажа својата вредност. За време на карантинот, кога сѐ поголем број луѓе беа принудени да седат затворени меѓу четири ѕида и пријавуваа технички дефекти во своите домови, дигиталниот асистент работеше неуморно 24 часа на ден. Асистентот го дијагностицираше проблемот и, во многу случаи, од далечина ги решаваше проблемите - без човечка интервенција. Исто така, дигиталниот асистент даваше претходно научен совет за тоа како да се врати и да проработи заклучениот Wi-Fi рутер или исклучениот интернет. Ако асистентот не можеше да го реши проблемот, се разбира, повикуваше техничар, но третина од времето асистентот сам го решаваше проблемот користејќи го своето постоечко знаење, вообичаено за помалку од пет минути во кое било време од денот.

Ова на Ванда ѝ ја донесе титулата најдобар агент за кориснички услуги во време на пандемијата, но тогашната Ванда не е ни блиску во однос на своите способности до новата Ванда 2.0 во која генеративната AI технологија моментално се интегрира од експерти од Маѓар Телеком. Целта е системот, првично оптимизиран за глас, да се направи многу почовечки во неговата комуникација: тој нема




**ChatGPT: Алатка за обработка на природни јазици којашто овозможува конверзација со четбот (chatbot) којашто е налик на човечка конверзација.**



да дава однапред напишани одговори, туку многу подлабоко ќе го разбира текстот и неговата содржина, ќе го гледа целиот тек на разговорот и ќе генерира одговори приспособени на ситуацијата и контекстот. Ќе има многу пошироко познавање од неговиот претходник и ќе бара многу помалку обука во споредба со ерата пред GPT.
И што ќе направи новата Ванда 2.0? Добриот дигитален асистент е најдобриот агент за кориснички услуги: способен е да дава непосредни и персонализирани одговори 24 часа на ден, подобрувајќи го задоволството и лојалноста на корисниците. Но, исто така може да се справи со распоред, внесување податоци, основни административни задачи - секој деловен процес којшто може да се автоматизира и рационализира. Бидејќи може да обработува и анализира огромни бази на податоци, исто така може да биде од голема корист при подготовката на патот за стратешки одлуки, се истакнува во истражување на пазарот, профилирање клиенти или конкурентска анализа.
Нему може да му се довери и целата база на знаење на компанијата: наместо напорното рачно истражување, можете едноставно да го прашате виртуелниот асистент како да документира одреден работен тек, каде да го најдете образецот којшто ви треба за вашата работа или бројот на лицето коешто е задолжено за одреден проблем. А со самото тоа што може да комуницира на неколку јазици, асистентот може да биде и од голема помош за градење меѓународни партнерства и влез на нови пазари.

Бидејќи Групацијата Дојче Телеком става силен акцент на задоволувањето на локалните ИКТ потреби, развојот на решенија за вештачка интелигенција исто така се движи кон тоа што е можно поскоро тие да бидат достапни како услуга за корпоративните клиенти на различни пазари.

**Машинско учење: компјутерот учи и еволуира со користење минати податоци и искуства коишто му се ставени на располагање, следејќи ја човечката логика: исто како и човечкиот мозок.**

За сите ваши победи

# Најдобрата мрежа

Потврдено од корисниците и од **Ookla®**




*Потврдено со анализата на Ookla® на податоците од Speedtest Intelligence® за Q1-Q2 2023.
Трговските марки на Ookla® се користат според лиценца и се репродуцираат со дозвола.



**Бизнис**
# МАГАЗИН
ЗА НОВИ ДИГИТАЛНИ ПЕРСПЕКТИВИ

**ИЗДАВАЧ:**
Македонски Телеком АД

**ОДГОВОРНИ ЗА СОДРЖИНАТА:**
Македонски Телеком АД

**ФОТОГРАФИИ И ИЛУСТРАЦИИ:**
Фотографиите се обезбедени од базата на Deutsche Telekom

**КОНТАКТ:**
МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД
Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје
КОНТАКТ ЦЕНТАР ЗА ДЕЛОВНИ КОРИСНИЦИ
телефон.: 120
е-адреса: biznis.kontakt@telekom.mk
web: telekom.mk/business

**© 2023. МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ. СИТЕ ПРАВА СЕ ЗАШТИТЕНИ**

**Сите текстови и фотографии во магазинот се заштитени со авторски права. За нивно користење потребна е дозвола од Македонски Телеком.**

**Сите трговски марки споменати во магазинот се сопственост на компаниите коишто ги поседуваат правата од индустриска сопственост.**